Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија УП1 бр.12-23/17 од 21.02.2018 година на Друштвото за трговија и услуги ЕВН ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 21.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија и услуги ЕВН ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје издадена од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука бр. 02-729/1 од 14.04.2008 година, изменета со Одлука УП1 бр. 12-23/17 од 10.02.2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/08 и 16/17), се продолжува за период од 10 години. За таа цел во Прилог 1:
   - во точка 4 датумот до кога важи лиценцата се менува и гласи "14.04.2028 година",
   - во точка 5 евидентниот број на лиценцата се менува и гласи "ЕЕ–24.10.1/08.2/17.3/18"

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага извршувањето на истата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија и услуги, ЕВН Трејдинг ДООЕЛ Скопје, согласно член 47 став 1 и 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави барање за продолжување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија. Во прилог на барањето достави:
- БЛ образец за продолжување на лиценцата,
- Доказ за платен паричен надоместок во износ од 500 евра во денарска против вредност,
- Изјава на одговорните лица за веродостојност на податоците и документацијата поднесени во прилог на барањето за продолжување на лиценцата;

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 47 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности на 05.03.2018 со донесе Заклучок УП1 бр.12-23/17 со кој ја определува дополнителната документација која барателот треба да ја достави и рокот за доставување на истата во постапката за продолжување на горенаведената лиценца.

Друштвото за трговија и услуги, ЕВН Трејдинг ДООЕЛ Скопје, постапи по Заклучокот и на ден 13.03.2018 година ја достави побараната дополнителна документација.

Врз основа на  член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 21.03.2018 година, одржа редовна седница и донесе Одлука за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија и услуги, ЕВН Трејдинг ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од приемот.

**УП1 бр. 12-23/17**
**21.03.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**